**20242404207**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ**

Врз основа на член 57 став (4) од Законот за спречување перење пари и финансирање на тероризам (*) („Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 151/22 и 208/24), министерот за финансии донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА НА НУМЕРИРАНИОТ РЕГИСТАР ШТО ГО ВОДАТ ДАВАТЕЛИТЕ НА УСЛУГИ ПОВРЗАНИ СО ВИРТУЕЛНИ СРЕДСТВА, НУМЕРИРАНИОТ РЕГИСТАР ШТО ГО ВОДАТ СУБЈЕКТИТЕ КОИ ВРШАТ МЕНУВАЧКИ РАБОТИ, НУМЕРИРАНИОТ РЕГИСТАР ШТО ГО ВОДАТ БРОКЕРСКИТЕ КУЌИ И БАНКИТЕ СО ДОЗВОЛА ЗА РАБОТА СО ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ, НУМЕРИРАНИОТ РЕГИСТАР ШТО ГО ВОДАТ ЛИЦАТА КОИ ТРГУВААТ ИЛИ ДЕЈСТВУВААТ КАКО ПОСРЕДНИЦИ ВО ТРГОВИЈА СО УМЕТНИЧКИ ДЕЛА И НУМЕРИРАНИОТ РЕГИСТАР ШТО ГО ВОДАТ ЛИЦАТА КОИ СКЛАДИРААТ, ТРГУВААТ ИЛИ КОИ ДЕЈСТВУВААТ КАКО ПОСРЕДНИЦИ ВО ТРГОВИЈА СО УМЕТНИЧКИ ДЕЛА КОГА АКТИВНОСТА СЕ ОДВИВА ВО СЛОБОДНИ ЗОНИ

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата на нумерираниот регистар што го водат давателите на услуги поврзани со виртуелни средства, нумерираниот регистар што го водат субјектите кои вршат менувачки работи, нумерираниот регистар што го водат брокерските куќи и банките со дозвола за работа со хартии од вредност, нумерираниот регистар што го водат лицата кои тргуваат или дејствуваат како посредници во трговија со уметнички дела и нумерираниот регистар што го водат лицата кои складираат, тргуваат или кои дејствуваат како посредници во трговија со уметнички дела кога активноста се одвива во слободни зони.

Член 2

(1) Нумерираниот регистар што го водат давателите на услуги поврзани со виртуелни средства се води во хартиена форма на образец отпечатен на хартија во бела боја во А4 формат или во електронска форма.

(2) Формата на нумерираниот регистар од ставот (1) на овој член е дадена во Прилог 1, кој е составен дел на овој правилник.

Член 3

(1) Нумерираниот регистар што го водат субјектите кои вршат менувачки работи се води во хартиена форма на образец отпечатен на хартија во бела боја во А4 формат или во електронска форма.

(2) Формата на нумерираниот регистар од став (1) на овој член е дадена во Прилог 2 кој е составен дел на овој правилник.

Член 4

(1) Нумерираниот регистар што го водат брокерските куќи и банките со дозвола за работа со хартии од вредност се води во хартиена форма на образец отпечатен на хартија во бела боја во А4 формат или во електронска форма.

(2) Формата на нумерираниот регистар од став (1) на овој член е дадена во Прилог 3 кој е составен дел на овој правилник.

Член 5

(1) Нумерираниот регистар што го водат лицата кои тргуваат или дејствуваат како посредници во трговија со уметнички дела се води во хартиена форма на образец отпечатен на хартија во бела боја во А4 формат или во електронска форма.

(2) Формата на нумерираниот регистар од став (1) на овој член е дадена во Прилог 4 кој е составен дел на овој правилник.

Член 6

(1) Нумерираниот регистар што го водат лицата кои складираат, тргуваат или кои дејствуваат како посредници во трговија со уметнички дела кога активноста се одвива во слободни зони се води во хартиена форма на образец отпечатен на хартија во бела боја во А4 формат или во електронска форма.

(2) Формата на нумерираниот регистар од став (1) на овој член е дадена во Прилог 5 кој е составен дел на овој правилник.

Член 7

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престануваат да важат Правилникот за формата и содржината на нумерираниот регистар што го водат брокерските куќи и банките со дозвола за работа со хартии од вредност („Службен весник на Република Македонија” бр. 243/18) и Правилникот за формата и содржината на нумерираниот регистар што го водат субјектите кои имаат дозвола за менувачко работење („Службен весник на Република Македонија” бр. 243/18).

Член 8

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија”.

Бр. 13-10421/1
19 ноември 2024 година
Скопје

Министер за финансии,
м-р **Гордана Димитриеска-Кочоска,** с.р.

**Прилог 1**

## Нумериран регистар што го водат давателите на услуги поврзани со виртуелни средства

| НУМЕРИРАН РЕГИСТАР ШТО ГО ВОДАТ ДАВАТЕЛИТЕ НА УСЛУГИ ПОВРЗАНИ СО ВИРТУЕЛНИ СРЕДСТВА | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Ред. бр. | Датум | Име и презиме на клиент - физичко лице или назив на клиент - правно лице | Датум на раѓање на клиент - физичко лице | Адреса и место на живеење или престојувалиште на клиент - физичко лице или седиште на клиент - правно лице | ЕМБГ или број за идентификација на клиент - физичко лице или ЕДБ или број за идентификација на клиент - правно лице | Број на документот за идентификација на клиент - физичко лице или законски застапник на клиент - правно лице | Орган што го издал документот за идентификација | Име, презиме и ЕМБГ или број за идентификација на ополномоштеното лице | Име, презиме и ЕМБГ или број за идентификација на вистинскиот сопственик | Адреса на виртуелни средства | Идентификациски број на трансакцијата со виртуелни средства | Износ на виртуелни средства | Виртуелно средство | Купување или продавање или размена | Вкупен износ на трансакцијата во денари | Име и презиме |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 12 | 13 | 14 | 15 | 16 | 17 |
| | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | | | |

____________________________

потпис на овластеното лице или друго лице
со овластување да го потпишува регистарот

**Прилог 2**

## Нумериран регистар што го водат субјектите кои вршат менувачки работи

| НУМЕРИРАН РЕГИСТАР ШТО ГО ВОДАТ СУБЈЕКТИТЕ КОИ ВРШАТ МЕНУВАЧКИ РАБОТИ | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Ред.бр. | Датум | Име и презиме на физичко лице | Датум и место на раѓање | Адреса и место на живеење или престојувалиште | ЕМБГ или број за идентификација | Број на документот за идентификација | Орган што го издал документот за идентификација | Купување / продавање | Вид на валута | Износ на трансакција | Име и презиме |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 12 |
| | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | |

______________________________

потпис на овластеното лице или друго лице
со овластување да го потпишува регистарот

**Прилог 3**

## Нумериран регистар што го водат брокерските куќи и банките со дозвола за работа со хартии од вредност

| НУМЕРИРАН РЕГИСТАР ШТО ГО ВОДАТ БРОКЕРСКИТЕ КУЌИ И БАНКИТЕ СО ДОЗВОЛА ЗА РАБОТА СО ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Ред. бр. | Датум | Име и презиме на клиент физичко лице / Назив на клиент – правно лице | Датум и место на раѓање на клиент – физичко лице | Адреса и место на живеење или престојувалиште на клиент – физичко лице/Седиште на клиент – правно лице | ЕМБГ или број за идентификација на клиент – физичко лице/ЕДБ или број за идентификација на клиент – правно лице | Број на документот за идентификација на клиент – физичко лице/законски застапник на клиент – правно лице | Орган што го издал документот за идентификација на клиент – физичко лице/законски застапник на клиент – правно лице | Име, презиме и ЕМБГ или број за идентификација на ополномоштеното лице | Име, презиме и ЕМБГ или број за идентификација на вистинскиот сопственик | Купување или продавање | Сметка на клиент – физичко или правно лице или ополномоштувач | Број на акции | Вкупен износ на трансакцијата во денари | Издавач на акции | Име и презиме |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 12 | 13 | 14 | 15 | 16 |
| | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | | |

____________________________

потпис на овластеното лице или друго лице
со овластување да го потпишува регистарот

**Прилог 4**

## Нумериран регистар што го водат лицата кои тргуваат или дејствуваат како посредници во трговија со уметнички дела

| НУМЕРИРАН РЕГИСТАР ШТО ГО ВОДАТ ЛИЦАТА КОИ ТРГУВААТ ИЛИ ДЕЈСТВУВААТ КАКО ПОСРЕДНИЦИ ВО ТРГОВИЈА СО УМЕТНИЧКИ ДЕЛА | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Ред. бр. | Датум | Име и презиме на клиент физичко лице / Назив на клиент – правно лице | Датум и место на раѓање на клиент – физичко лице | Адреса и место на живеење или престојувалиште на клиент – физичко лице / седиште на клиент – правно лице | ЕМБГ или број за идентификација на клиент – физичко лице или ЕДБ или број за идентификација на клиент – правно лице | Број на документот за идентификација на клиент – физичко лице / законски застапник на клиент – правно лице | Орган што го издал документот за идентификација на клиент – физичко лице / законски застапник на клиент – правно лице | Име, презиме и ЕМБГ или број за идентификација на ополномоштено то лице | Име, презиме и ЕМБГ или број за идентификација на вистинскиот сопственик | Купување или продавање | Вкупен износ на трансакцијата во денари | Име и презиме |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 12 | 13 |
| | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | |

__________________________

потпис на овластеното лице или друго лице
со овластување да го потпишува регистарот

**Прилог 5**

## Нумериран регистар што го водат лицата кои складираат, тргуваат или кои дејствуваат како посредници во трговија со уметнички дела кога активноста се одвива во слободни зони

| НУМЕРИРАН РЕГИСТАР ШТО ГО ВОДАТ ЛИЦАТА КОИ СКЛАДИРААТ, ТРГУВААТ ИЛИ КОИ ДЕЈСТВУВААТ КАКО ПОСРЕДНИЦИ ВО ТРГОВИЈА СО УМЕТНИЧКИ ДЕЛА КОГА АКТИВНОСТА СЕ ОДВИВА ВО СЛОБОДНИ ЗОНИ | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Ред.б р. | Дату м | Име и презиме на клиент физичко лице / Назив на клиент – правно лице | Датум и место на раѓање на клиент – физичко лице | Адреса и место на живеење или престојувалиште на клиент – физичко лице / Седиште на клиент – правно лице | ЕМБГ или број за идентификација на клиент – физичко лице / ЕДБ или број за идентификација на клиент – правно лице | Број на документот за идентификација на клиент – физичко лице/законски застапник на клиент – правно лице | Орган што го издал документот за идентификација на клиент – физичко лице/законски застапник на клиент – правно лице | Име, презиме и ЕМБГ или број за идентификација на ополномоштеното лице | Име, презиме и ЕМБГ или број за идентификација на вистинскиот сопственик | Купување или продавање | Вкупен износ на трансакцијата во денари | Име и презиме |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 12 | 13 |
| | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | |

____________________________

потпис на овластеното лице или друго лице
со овластување да го потпишува регистарот